УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ
GOCE DELCHEV UNIVERSITY IN SHTIP, FACULTY OF LAW
УНИВЕРСИТЕТ ИМ. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВА, ЮРИДИЧЕСКИЙ ФАКУЛЬТЕТ

ДЕВЕТТА МЕЃУНАРОДНА
НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА
NINTH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE
ДЕВЯТАЯ МЕЖДУНАРОДНАЯ НАУЧНАЯ КОНФЕРЕНЦИЯ

# ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ
## SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD
## СОЦИАЛЬНЫЕ ИЗМЕНЕНИЯ В ГЛОБАЛЬНОМ МИРЕ

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
PROCEEDINGS
СБОРНИК МАТЕРИАЛОВ



ШТИП, 2022
SHTIP, 2022

# УНИВЕРЗИТЕТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ - ШТИП
# ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ
## Република Северна Македонија

**ДЕВЕТТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА**

# ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

**ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ**



**Штип, 2022**

GOCE DELCEV UNIVERSITY IN SHTIP
FACULTY OF LAW
Republic of North Macedonia

NINTH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

# SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD

PROCEEDINGS



Shtip, 2022

УНИВЕРСИТЕТ ИМ. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВА
ЮРИДИЧЕСКИЙ ФАКУЛЬТЕТ, ШТИП
Республика С.Македония

ДЕВЯТАЯ МЕЖДУНАРОДНАЯ НАУЧНАЯ КОНФЕРЕНЦИЯ

# СОЦИАЛЬНЫЕ ИЗМЕНЕНИЯ В ГЛОБАЛЬНОМ МИРЕ

СБОРНИК МАТЕРИАЛОВ



Штип, 2022

Ninth International Scientific Conference SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD
©2022 Copyright Goce Delchev University in Shtip, Republic of North Macedonia:
Adress: Goce Delchev University, Shtip, Faculty of Law,
Ul. Krste Misirkov bb, PO box 201,2000, Shtip, R.N. Macedonia

www.ugd.edu.mk

Печати / Print: 2-ри Август-Штип / 2-ri Avgust-Shtip

Уредници: Јорданка Галева, Милица Шутова, Наташа Донева, Ана Здравева

Технички уредник: Кире Зафиров

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

316.42:34(100)(062)
316.42:32(100)(062)

МЕЃУНАРОДНА конференција “Општествените промени во глобалниот свет” (9 ; 2022 ; Штип)
Деветта Меѓународна конференција “Општествените промени во глобалниот свет” : зборник на трудови / [уредници Јорданка Галева ... и др.] = Ninth International scientific conference “Social changes in the global world” : proceedings / [editors Jordanka Galeva ... и др.] = Девятая Международная научная конференция “Социальные изменения в глобальном мире” : сборник материалов / [редакторы Иорданка Галева ... и др.]. - Штип : Универзитет “Гоце Делчев”, Економски факултет ; Stip : University “Goce Delchev”, Faculty of Law : Университет им. “Гоце Делчева”, Юридический факультет, 2022. - 2 св.(372, 202) стр. : табели ; 30 см

Фусноти кон текстот. - Други уредници: Милица Шутова, Наташа Донева, Ана Здравева. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-905-0 (Том. 1)

а) Општествени промени -- Право -- Свет -- Собири б) Општествени промени -- Политика -- Свет -- Собири

COBISS.MK-ID 58040069

•All manuscripts were subject of double-blind peer review process.
•No responsibility can be accepted by the publisher or compilers for the accuracy of the information presented. The expressed opinions are of the authors and does not necessarily coincide with views of the Program Committee and the Organizational Committee of the conference
•The UDK numbers for each of the manuscripts are contained in the electronic version of the proceedings, available on: http://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw

## Организациски комитет / Organizational Committee/ Организационный комитет конференции

Jordanka Galeva PhD, Faculty of Law, Goce Delchev University, Shtip, Republic of North Macedonia, jordanka.galeva@ugd.edu.mk

Milica Sutova PhD, Faculty of Law, Goce Delchev University, Shtip, Republic of North Macedonia, milica.sutova@ugd.edu.mk

Natasa Doneva LL.M, Faculty of Law, Goce Delchev University, Shtip, Republic of North Macedonia, natasa.doneva@ugd.edu.mk

Ana Zdraveva LL.M, Faculty of Law, Goce Delchev University, Shtip, Republic of North Macedonia, ana.zdraveva@ugd.edu.mk

## Програмски комитет / Program Committee / Программный комитет конференции

1. Agim Nuhiu PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia, agim.nuhiu@unite.edu.mk
2. Alenka Verbole PhD, currently- OSCE Mission in Tirana, University of Ljubljana, Slovenia, alenka.verbole@osce.org
3. Ana Nikodinovska Krstevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, ana.nikodinovska@ugd.edu.mk
4. Anastasia Bermúdez Torres PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liege, Belgium, abermudez@ulg.ac.be
5. Angel Ristov, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, angelristov@yahoo.com
6. Anđelija Tasić, Faculty of Law, PhD, University of Niš, andjelija@praf.ni.ac.rs
7. Andon Majhoshev PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, andon.majhosev@ugd.edu.mk
8. Aleksandra Gruevska Drakulevska, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, a.gruevskadrakulevski@pf.ukim.edu.mk
9. Biljana Puleska-Janushevska, PhD, Faculty of Law, American University of Europe, Skopje, biljana.puleska@fon.edu.mk
10. Borka Tushevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, borka.tusevska@ugd.edu.mk

11. Darko Dimovski, PhD, University of Niš, darko.dimovski@yahoo.com
12. Darko Spasevski, PhD, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, spasevski_d@yahoo.com
13. Elena Ivanovna Nosreva PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, elena@nosyreva.vrn.ru
14. Gabriela Belova PhD, Faculty of Law, University "Neofit Rilski", Blagoevgrad, Bulgaria, gbelova@hotmail.com
15. Gemma Andreone PhD, Institute for International Legal Studies of the Italian National Research Council (ISGI - CNR), Italy, gemma.andreone@gmail.com
16. Ice Ilijevski, PhD, Faculty of security – Skopje, University St. Kliment Ohridski – Bitola, ilijevski@fb.uklo.edu.mk
17. Zorica Siljanovska, Faculty of Law, American University of Europe, Skopje, zoricasiljanovska@yahoo.com
18. Igor Kambovski PhD, Faculty of Law, Goce Delchev University in Shtip, Macedonia, igor.kambovski@ugd.edu.mk
19. Ivana Bajakić PhD, Department of Economic Sciences, Faculty of Law, Zagreb, Croatia, ivana.bajakic@pravo.hr
20. Jadranka Denkova PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, jadranka.denkova@ugd.edu.mk
21. James C. Helfrich PhD, Global Scholars, Liberty University, Colorado, USA, jchelfrich@aol.com
22. Jasna Bacovska Nedic, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, jasnab2002@yahoo.com
23. Jovan Ananiev PhD, Faculty of Law, University "Goce Delcev"- Shtip, Macedonia, jovan.ananiev@ugd.edu.mk
24. Jovan Zafiroski, PhD, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, j.zafiroski@pf.ukim.edu.mk
25. Kristina Misheva PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristina.miseva@ugd.edu.mk
26. Kristine Whitnable PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristine.whitnable@ugd.edu.mk

27. Maciej Czerwinski PhD, Institute of Slavic Philology, Jagiellonian University, Krakow, Poland, maciej.czerwinski@uj.edu.pl

28. Marija Ampovska, PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, marija.ampovska@ugd.edu.mk

29. Marija Ignjatovic PhD, Faculty of Law, University of Nis, Serbia, marija@prafak.prafak.ni.ac.rs

30. Migena Leskoviku Prof. Dr, University of Tirana, Albania, migena.leskoviku@gmail.com

31. Natalia Vladimirovna Butusova PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, butusova@law.vsu.ru

32. Nikolai Baranov PhD, Baltic State Technical University Voenmeh, At. Petersburg State University, St. Petersburg, Russia, nicbar@mail.ru

33. Nives Mazur Kumrić PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liège, Belgium, nives.mazurkumric@ulg.ac.be

34. Novak Krstić, PhD, Faculty of Law, University of Niš, novak@praf.ni.ac.rs

35. Olga Koshevaliska PhD, University "Goce Delcev"- Shtip, Faculty of Law, Macedonia, olga.kosevaliska@ugd.edu.mk

36. Ruzica Simic Banovic, PhD, Faculty of Law, University of Zagreb, Croatia, ruzica.simic@pravo.hr

37. Silviu G. Totelecan PhD, Cluj-Napoca Branch of Romanian Academy, SocioHuman Research Department of "G. Baritiu" History Institute, Romania, silviu.totelecan@g,ail.com

38. Slavejko Sasajkovski PhD, Institute for Sociological, Political and Legal Research, University "St. Cyril and Methodius", Skopje, Macedonia, bilbilef@isppi.ukim.edu.mk

39. Strahinja Miljkovića PhD, Faculty of Law, Mitrovica, strahinja.miljkovic@pr.ac.rs

40. Strashko Stojanovski PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, strasko.stojanovski@ugd.edu.mk

41. Suzana Dzamtoska Zdravkovska PhD, American University of Ras Al Khaimah, Ras Al Khaimah, UAE, suzana.zdravkovska@aurak.ac.ae

42. Tamara Djurdjic Milosevic, PhD, Faculty of Law, University of Kragujevac, tdjurdjic@jura.kg.ac.rs

43. Tamara Perisin, MJur (Oxon) PhD, Department of European Public Law - Jean Monnet, University of Zagreb - Faculty of Law, Croatia, tamara.perisin@pravo.hr

44. Tatyana Dronzina, PhD, Professor, Political Science Department, St. Kliment Ohridski University of Sofia, drozina@gmail.com

45. Tunjica Petrašević PhD, Faculty of Law, University of Osijek, Croatia, tpetrase@pravos.hr

46. Viktoria Serzhanova, PhD, University of Rzeszow, Faculty of Law and Administration, viktoria@ur.edu.pl

47. Wouter Van Dooren PhD, Public Administration and Management, University of Antwerp, Belgium, wouter.vandooren@uantwerpen.be

48. Yuriy Nikolaevich Starilov PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, juristar@vmail.ru

49. Zeynep Ece Unsal, PhD, Istanbul Gelisim University, Faculty of Economics Administrative and Social Sciences - Department of Political Science and International Relations, zeunsal@gelisim.edu.tr

# TABLE OF CONTENTS

**LAW**

**Ampovska Marija**
COMPENSATION OF DAMAGE IN CASE OF MEDICAL MALPRACTICE IN MACEDONIAN COURT PRACTICE AND IN COMPARATIVE LEGAL SYSTEMS ........ 17

**Bojadzievska Irena**
EFFECTS OF OPEN DATA IN MACEDONIA........ 37

**Božić Vanda, Simovic Miodrag**
CRIMINAL OFFENSE OF HUMAN TRAFFICKING IN CROATIA AND SERBIA........ 53

**Delev Jordan, Najdova Milena**
THE SIGNIFICANCE OF DISCLOSURE OF INFORMATIONS AND TRANSPARENCY OF JOINT STOCK COMPANIES IN CHANGED SOCIAL CIRCUMSTANCES ........ 73

**Dimovski Darko, Obradović Nikola, Milovanović Dragana**
MUSLIMS IN THE PRACTICE OF THE EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS THROUGH THE PRISM OF FREEDOM OF RELIGION IN EDUCATION ........ 95

**Gjorgjieva Dijana, Stoileva Zorica, Gjorgjioska Emilija**
ON THE NEED OF MOVING THE BOUNDARIES OF THE PRINCIPLE OF PROCESS ECONOMY IN CIVIL LITIGATION........ 113

**El Dessouky Mohammed**
LEGAL CONSDERATION ON TEXT MESSAGES SENT VIA SOCIAL MEDIA........ 129

**Ilioski Risto**
CONDITIONS FOR VALIDITY OF DEPRIVATION FROM THE COMPULSORY PORTION AND CONSEQUENCES........ 139

**Jovanovski Zoran**
THE ADMINISTRATIVE – LEGAL RELATIONS IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA........ 149

**Josifovic Ivica, Kambovski Igor**
THE PRELIMINARY RULING PROCEDURE OF THE COURT OF JUSTICE OF THE EUROPEAN UNION AND DIFFERENT VERSIONS OF MULTILINGUAL JURISPRUDENCE........ 165

**Kadri Shahinovik Arlinda, Siljanovska Zorica**
NATIONAL MEASURES FOR GENDER EQUALITY AND ECONOMIC INDEPENDENCE OF WOMEN ........ 181

**Koevski Goran, Tushevska Gavrilovikj Borka, Spasevski Darko**
COMPARATIVE – LEGAL ASPECTS OF THE CONCEPT OF “FULL IMMUNITY OR THE REDUCTION OF THE FINE” IN COMPETITION LAW ........ 191

**Koshevaliska Olga, Maksimova Elena, Nikodinovska – Krstevska Ana**
VICTIMIZATION OF MIGRANTS AND REFUGEES IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA IN CRIMINAL OFFENSES, WITH A SPECIAL EMPHASIS ON HUMAN TRAFFICKING AND SMUGGLING MIGRANT ........ 211

**Kostić Miomira**
ECOLOGY OF CRIME AND ECOLOGICAL EXPLANATIONS IN CRIMINOLOGY ........ 235

**Krnjaić Magdalena, Zdravković Uroš,**
THE SINGAPORE CONVENTION - A NEW MECHANISM FOR RESOLVING INTERNATIONAL TRADE DISPUTES ........ 249

**Krstić Novak, Djurdjić Tamara**
SOME DISPUTABLE ISSUES CONCERNING REVOCATION OF A CONTRACT ON ASSIGNMENT AND DISTRIBUTION OF PROPERTY FOR LIFE ........ 265

**Miljković D. Strahinja**
THE ISSUE OF WHETHER THE PROVISION OF NON-COMPETITION CLAUSE IN THE AGREEMENT INFRINGES THE FRANCHISEE’S RIGHT OF COMPETITION ........ 287

**Nastić Maja**
HUMAN RIGHTS AND BUSINESS-DOES IT EVEN MATTER? ........ 299

**Ristov Angel**
ACTUAL PROBLEMS CONNECTED WITH APARTMENT PROPERTY IN THE MACEDONIAN LAW ........ 315

**Russo Teresa**
APPLICATION (AND NON - APPLICATION) OF THE DUBLIN REGULATION: WHAT CONSEQUENCES FOR THE RIGHT OF MIGRANTS? ........ 333

**Tasić Anđelija**
SOCIAL NETWORKS AND PROVING: NEW DILEMMAS FOR A NEW AGE ........ 349

**Todorova Biljana**
THE RIGHT TO UNEMPLOYMENT INSURANCE IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA ........ 359

**POLITICS**

**Ambarkov Nikola**
THE ELECTORAL LIST IN THE ELECTORAL SYSTEMS OF THE COUNTRIES ESTABLISHED ON THE GROUND OF THE FORMER YUGOSLAVIA IN ONE COMPARATIVE PERSPECTIVE ........ 389

**Arnaudov Mitko**
THE ROLE OF SMALL STATES IN INTERNATIONAL RELATIONS AFTER THE BEGINNING OF UKRANIAN WAR IN 2022 – CASE STUDY OF NORTH MACEDONIA AND SERBIA ........ 409

**Baranov Nikolai**
CHANGING THE VECTOR OF PUBLIC DEVELOPMENT IN THE CONDITIONS OF A TURBULENT WORLD ........ 421

**Ćorić Dragana**
ELECTRONIC DEMOCRACY AS SOLUTION IN
“NEW NORMAL” ( PANDEMIC) CIRCUMSTANCES .............................................. 437

**Galeva Jordanka**
THE UKRAINIAN QUESTION AND BALANCE OF POWER................................. 451

**Ricci Fiammetta**
HUMAN DEVELOPMENT AND PRINCIPLES OF
SUSTAINABILITY THROUGH THE APPROACH TO THE
CAPABILITIES OF AMARTYA SEN AND MARTHA NUSSBAUM ........................ 467

**Stojanov Trajce**
AGAINST POLITICAL CORRECTNESS .................................................................... 483

**SOCIETY**

**Markovikj Marijana, Serafimovska Eleonora, Stanojevska Bojana**
CITIZENS ’PERCEPTION OF THE ADEQUACY OF
THE INSTITUTIONS’ ACTIVITIES IN TERMS OF
MENTAL HEALTH PROTECTION REGARDING CLIMATE CHANGES ............... 495

**Sasajkovski Slavko, Micanovska Ljubica**
THE KEY CHALLENGES FOR MODERN CAPITALISTIC ECONOMY:
ECONOMIC-SOCIOLOGICAL AND
POLITICAL-ECONOMIC THEORIES ......................................................................... 521

**MEDIA AND COMMUNICATION**

**Galeva Jordanka, Koroveshovska Iskra, Majhoshev Andon**
PERCEPTION OF FREEDOM OF EXPRESSION OF
MEDIA WORKERS IN THE NORTHERN AND
SOUTHERN REGION OF THE REPUBLIC OF N.MACEDONIA............................. 537

**Serafimovska Eleonora, Markovikj Marijana, Koneska-Vasilevska Tea**
WAR, INVASION OR (MILITARY) INTERVENTION? –
SOCIAL CONSTRUCTION OF THE REALITY OF
THE RUSSIAN ATTACK ON UKRAINE IN
THE MACEDONIAN LANGUAGE MEDIA ............................................................... 553

# LAW

**Користена литература**

1. Родовата еднаквост во Република Македонија и Агендата за Одржлив Развој 2030.
2. Women's Economic Empowerment, April 2011.
3. Indicators for Measuring Results on Gender Equality, 2010.
4. Политики за родова еднаквост, Скопје 2012.
5. Women's entrepreneurship in Sweden, Swedish Agency for Economic and Regional Growth –Tillvдxtverket, Stockholm,October 2009.
6. В.Л.Хил, Чарлс: Меѓународенбизнис, македонскоиздание, Скопје, 2010.
7. Women Entrepreneur Revolution: Ready! Set! Launch!, Jenn Aubert, 2014.
8. Ownership, Office of Advocacy U.S. Small Business Administration, August 2006.
9. Оперативен план за активни програми и мерки за вработувањето на трудот за 2022.
10. НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ 2021-2027 ГОДИНА со Акциски план за вработување 2021-2023 година.
11. Стратегија за развој на женско претприемништво во Република Македонија, 2019 – 2023.

UDC: 339.137.2:340.13(4-672EU:497.7)
DOI: https://www.doi.org/10.46763/SCGW221191k

Original research paper

# COMPARATIVE – LEGAL ASPECTS OF THE CONCEPT OF "FULL IMMUNITY OR THE REDUCTION OF THE FINE" IN COMPETITION LAW

**Goran Koevski**
Full professor, Faculty of Law Iustinianus Primus, Skopje
"Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje, Republic of North Macedonia
gkoevski@gmail.com
**Borka Tushevska Gavrilovikj**
Full professor, Faculty of law in Shtip
University "Goce Delchev" in Shtip, Republic of North Macedonia
borka.tusevska@ugd.edu.mk
**Darko Spasevski**
Full professor, Faculty of Law Iustinianus Primus, Skopje
"Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje, Republic of North Macedonia
spasevski_d@yahoo.com

**Abstract:**

The subject-matter of the analysis in this article is the comparative legal aspects of the concept/theory of "exemption or reduction of the fine in the competition law", or in the literature and practice known as "*leniency*" in the competition law. In essence, the article is a supplement and upgrade of research already conducted by the authors on the topic: "leniency" in the Macedonian legal system, focusing on theoretical aspects, legal solutions and practical achievements of this concept of competition law.

Bearing in mind the the importance and role of the theory of "*leniency*" in the business environment and in a wider social context, at the same time analyzing the EU approach to the practice of *"leniency"* and the results achieved in Europe and the world with the application of this theory, and in order to ensure healthy and loyal competition, we considered that a comparative study of this concept of detecting and combating the violation of competition law deserves attention.

The paper aims to analyze and study the position of comparative legal systems in terms of the practice of "*leniency*", the degree of acceptance of this concept by the business sector in comparative systems, and finally, the impact of COVID-19 pandemic on the application on *"leniency"*.

In this asticle several research methods have been used. Namely, the role of the comparative method is dominant, and for the needs of the hypothesis, the main analysis and conclusions, the analytical-descriptive method, the historical method, the method of induction and deduction, analysis and synthesis are used.

**Key words**: damage, competition, fine, exemption, reduction

# КОМПАРАТИВНО-ПРАВНИ АСПЕКТИ НА КОНЦЕПТОТ „ОСЛОБОДУВАЊЕ ИЛИ НАМАЛУВАЊЕ НА ГЛОБАТА" ВО КОНКУРЕНТСКОТО ПРАВО

**Горан Коевски,**
Редовен професор, Правен факултет, „Јустинијан Први" Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Република Северна Македонија
gkoevski@gmail.com
**Борка Тушевска Гавриловиќ**
Редовен професор, Правен факултет во Штип,
Универзитет „Гоце Делчев" Штип, Република Северна Македонија
borka.tusevska@ugd.edu.mk
**Дарко Спасевски**
Редовен професор, Правен факултет, „Јустинијан Први",
Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Република Северна Македонија
spasevski_d@yahoo.com

**Апстракт:**

Предмет на анализа во овој труд претставуваат компаративно-правните аспекти на концептот/теоријата на „ослободување или намалување на глобата во конкрентското право" или во литературата и практиката познат/а како "*leniency*" во конкурентското право. Во суштина трудот претставува надополнување и надградба на веќе спроведено истражување од страна на авторите на тема: "*leniency*" во македонскиот правен систем, со фокус на теоретските аспекти, законските решенија и практичните остварувања на овој концепт на конкурентското право.

Тргнувајќи од значењето и улогата на теоријата за "*leniency*" во деловното опкружување и во еден поширок општествен контекст, истовремено анализирајќи го пристапот на ЕУ кон практикувањето на „*leniency*" и резултатите кои се постигнуваат во европски и светски рамки со примената на оваа теорија, а во насока на обезбедување на здрава и лојална конкуренција, сметавме дека едно компаративно истражување на овој концепт на откривање и сузбивање на повредата на конкурентското право заслужува внимание

Трудот има за цел да ја анализира и проучи позицијата на компаративни правни системи во поглед на практикувањето на „*leniency*", степенот на прифатеност на овој концепт од страна на бизнис секторот во компаративни системи, и конечно, влијанието на пандемијата со КОВИД -19 врз примената на "*leniency*".

Во трудот се користени повеќе методи на истражувањето, од кои доминатна е улогата на компаративниот метод, а за потребите на хипотезата, главната анализа и заклучоците, користени се и аналитичко-дескриптивниот метод, историскиот метод, методот на индукција и дедукција, анализа и синтеза.

***Клучни зборови:*** штета, конкуренција, промет, ослободување, намалување, глоба

**Вовед:**

Концептот на *„олеснување или намалување на глобата“* на компаниите, во странската литература познат како концепт на *„попусливост“* спрема компаниите коишто соработуваат со надлежните авторитети за откривање на картели, претставува исклучително битен концепт во сферата на конкурентското право. Ако се земе предвид дека главната цел на конкурентското право е да обезбеди здрав и лојален пазар на стоките и услугите, што во голем сегмент е поврзано со откривањето и казнувањето на картелското однесување, примената на *“leniency”* е исклучително битна, оттука и оправданоста на нејзиното место во конкурентското право. Доволна е само површна компаративна анализа да се утврди дека оваа програма на *„попустливост“* повеќе децении доживува експанзија во бројни и хетерогени правни системи, а дополнително на ова, нејзиното практикување од страна на повеќе европски и светски епскерти е оценето како една од најсоодветните алатки кои придонесуваат за детекција и сузбивање на картелите.[1]

„Програма за попустливост“ или *“leniency programme”* подразбира програма што е поврзана со примената на член 101[2] од Договорот за функционирање на ЕУ (скратеница: ДФЕУ)[3] или соодветна/компатибилна одредба од националното законодавство, врз основа на којашто учесник во таен картел, *независно од другите субјекти вклучени во картелот*, соработува во истрагата што ја спроведува надлежниот орган за заштита на конкуренцијата, со доброволно обезбедување на факти во врска со знаењето и улогата на друг учесник во картелот, во замена за којашто тој учесник добива, со одлука или со прекин на постапката, имунитет од, или намалување на глобите за неговата

---

[1] Види повеќе за статистиката на апликации за *“leniency”* кај: Коевски, Г., Тушевска Гавриловиќ Б., Спасевски Д., The concept of leniency in North Macedonia, Competition Law (in Pandemic Times): Challenges and Reforms, 5. 2021, Special edition, pp. 60-84.

[2] Член 101 од ДФЕУ: Како некомпатибилно со внатрешниот пазар се забранува следното:

(а) сите спогодби меѓу претпријатија, одлуки на здруженија на претпријатија и усогласени практики кои може да влијаат на трговијата меѓу земјите-членки и кои имаат за своја цел или резултат спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата во рамките на внатрешниот пазар, а особено оние кои:

(б) директно или индиректно ги одредуваат купопродажните цени или некои други трговски услови;

(в) го ограничуваат или го контролираат производството, пазарите, техничкиот развој или инвестициите;

(г) ги делат пазарите или изворите на набавки;

(д) применуваат различни услови за исти трансакции со други трговски страни, и на тој начин ги поставуваат тие страни на понеповолна конкурентна положба;

(ѓ) склучуваат договори во зависност од прифаќањето на другите страни на дополнителни обврски коишто по својот карактер или според трговската примена немаат никаква врска со предметот на тие договори.

[3] Оригинален назив: The treaty of functioning of European Union, Official journal of EU, C326/49, 26.10.2012, достапно на: https://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=CELEX:12012E/TXT:en:PDF, [пристапено на 11 Април, 2022 година].

вмешаност во картелот.[4] Овој концепт на конкурентското право е познат во повеќе правни системи, генерално водени од европската концепција на програмата, а за земјите кои не се членки на ЕУ, ниту кои претендираат да бидат, водени од концептот на *leniency* во САД.[5] Во суштина, САД се колевка на оваа *"leniency"*. Уште во 1978 година, САД ја конципираа „ *политиката за попустливост спрема корпорациите*" ("*corporate leniency policy*)", ревидирана во 1993 година, а подоцна имплементирана и во ЕУ.[6] Од моментот на имплементирањето на *"leniency"* во европското законодавство и практика, до денес, оваа програма има широка поддршка од страна на експертите и се перципира како еден од најискористените и најсоодветните инструменти за борба против картелите. [7] Во последните неколку години, во експертските кругови доминираат дискусиите за намалениот број на апликации за примена на програмата за *"leniency",* што е последица на повеќе фактори од кои најбитниот е: „*балансот помеѓу приватните и јавните интереси*", поточно, стравот и перцепцијата на компаниите апликанти, дека со поднесувањето на апликација за примена на „*програмата за попустливост*", се ставаат себеси во незавидна позиција во граѓанско правните спорови, односно граѓанските постапки за надоместување на штета на субјектите што истата ја претрпеле како последица на повреда на правилата на конкурентското право од компаниите учесници во картелот. Оваа позиција на компаниите спрема примената на *"leniency"* не е променета ниту со донесувањето на Директивата 2014/104/ЕУ. Попрецизно, Директивата 2014/104/ЕУ, дополнително ги мотивираше менаџерите и раководните лица во компаниите и експертите од конкурентско право да го стават на дневен ред оваа прашања. Оттука, почнувајќи од 2020 година, до денес, најактуелни прашања во сферата на конкуренткото право се:

- *како да се врати обемот и динамиката на апликации за "leniency";*
- *кои инструменти да се применат за да се убедат компаниите дека поднесувањето на апликации за "leniency" е се уште најопортуниот модел на заштита на истите;*
- *како да се намалат трошоците за поднесување на апликација за*

[4] Директива 2014/104/ЕУ на Европскиот парламент и Совет од 26 Ноември 2014 година, за одредени правила кои се однесуваат на тужбите за оштета според националното законодавство за повреда на правилата за конкурентското право во земјите членки и ЕУ. Оригинален назив: Directive 2014/104/EU of the European Parliament and of the Council of 26 November 2014 on certain rules governing actions for damages under national law for infringements of the competition law provisions of the Member States and of the European Union Text with EEA relevance, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/GA/ALL/?uri=celex:32014L0104, [пристапено на 13 Април 2022 година].

[5] B.W., Kafele H.L., Fishbien S., Shearman & Sterling LLP., Cartel leniency in United States: overview: Available from: [https://uk.practicallaw.thomsonreuters.com/4-501-2185?transitionType=Default&contextData=(sc.Default), [пристапено на 15 Април 2022 година].

[6] Извор: Organization for economic Co-operation and development (OECD), Policy Brief, Using Leniency to fight hard Core cartels, 2021, достапно на: [пристапено на: 15 Април, 2022 година].

[7] Види интервју: Brent Snyder, Chief Executive Officer, Competition Commission of Hong Kong, China, https://www.youtube.com/watch?v=dJSNoWD0vb8, [пристапено на 15 Април 2022 година].

*"leniency"*[8]*;*

- *кој е најсоодветниот модел на заштита на подносителите на апликации за примена на „leniency*";
- *како да се утврди границата/балансот помеѓу приваните и јавните интереси во примената на „програмата за попустливост" спрема компаниите;*
- *дали директивата 2014/104/ЕУ е во функција на заштита на апликантите, или создава поголем страв и недоверба во системот на заштита.*

Ова особено кога станува збор за примена на членовите 6(6) и 7(1) од Директивата 2014/104/ЕУ, што се однесува на одредени обврски на земјите-членки во поглед на откривањето на доказите, и правниот режим на ограничувањето на употребата на докази обезбедени преку пристапот на казнување од страна на органот надлежен за заштита на конкуренцијата.[9]

Во суштина секое од оваа прашања претставува посебна тема за анализа, меѓутоа, анализата на сите дава одговор на прашањето каде е ЕУ во поглед на примената на една од најуспешните програми за борба против картелите, колку е загрозен опстанокот на оваа програма, која ЕУ ја смета за еден од најголемите успеси во обезбедувањето на здрав и лојален европски пазар. Состојбата во поглед на оваа прашање е врзана и за позициите на националните правни системи. Свесни за ова, уште во 2018 година, ЕУ презеде мерки и ја усвои Директивата 2019/1/ЕУ, што се однесува на овластувањето на националните тела за заштита на конкуренцијата, да бидат поефикасни спроведувачи на конкурентското законодавство и да обезбедат соодветно функционирање на ЕУ внатрешниот пазар.[10] Во оваа насока беа усвоени и други инструменти, меѓутоа позициите на компаниите се уште се status quo, што подразбира дека на ова поле ЕУ допрва треба да работи. Статистиката покажува намалување на бројот на апликациите, и покрај константно преземените мерки за подобрување на состојбата (табела 1). (Rodríguez, E.A. Geert, Goeteyn.P. Sánchez-Calero, and Caroline, Préel, Shearman & Sterling, 2019). Во компаративните анализи подолу во текстот, ќе ја елабориране состојбата во одредени правни системи, фокусирајќи се на најновите состојби и доведувајќи ги истите со состојбата во ЕУ. Конечно, истото прашање ќе го анализираме и во конкурентското право

[8] Под влијание на пандемијата „Ковид 19", истовремно и како последица на потребата да се олесни целокупниот процес на апликации, ЕУ ги имплементираше: eLeniency online, Anonymous Whistleblower Tool, marker system etc., Сепак, статистиката покажува дека бројот на апликации е во стагнација.

[9] Види повеќе за оваа проблематика: Koevski G., Compensatory damages from the viewpoint of the competition law in the European Union and the republic of north Macedonia, Revija Kopaonicka Skola, No. 1/2022, достапно на: https://kopaonikschool.org/wp-content/uploads/2022/06/KOP_Revija_1_2022_WEB.pdf?x86204, [пристапено на 22 Април 2022 година].

[10] Оригинален назив: Directive (EU) 2019/1 of the European Parliament and of the Council of 11 December 2018 to empower the competition authorities of the Member States to be more effective enforcers and to ensure the proper functioning of the internal market.

во Република Северна Македонија, како дел од компаративната анализа што ја поставивме како цел.

**Табела 1.**Статистика за бројот на апликации поднесени пред Европската комисија во периодот 2014-2018 година[11]

| Година | Број на апликации за програмата за попустливост |
|---|---|
| 2014 | 48 |
| 2015 | 32 |
| 2016 | 24 |
| 2017 | 18 |
| 2018 | 17 |

## 1. Концептот на leniency programme во германското конкурентско право

### 1.1. Услови за доделување на имунитет согласно германското конкурентско право

Концептот на *"leniency"* не е непозната проблематика и за конкурентското право на Германија. „Програмата за попустливост" или *"leniency programme"* е применлива и за Федералната канцеларија за картели[12] (скратеница ФКК) и за регионалните власти за конкуренција. Оваа програма е предвидена во поглавјето 2, делот 81 од германскиот Закон против ограничувањата на конкуренцијата, изменет од 9 јули 2021 година. (во понатамошниот текст скратеницата: ГЗПОК).[13]

Како земја-членка на ЕУ, и во европскиот дух и вредностите за заштита на пазарот на стоки и услуги, во 2000 година, Федералната канцеларија за картели ја претстави „*програмата за попустливост*" спрема субјектите кои соработуваат со надлежните авторитети, во интерес на откривањето на картелското однесување во одреден бизнис сектор. Оваа програма беше ревидирана во 2006 година, а согласно истата, ФКО може да додели имунитет за казната или да определи намалување на казната определена за физичките лица и компаниите кои учествувале во картелот (картел учесници). Услов да ФКО додели имунитет на субјект/учесник во картел, е последниот да придонесува за откривање на картелот, соработувајќи со ФКО. Попрецизно, согласно "*leniency programme*" на ФКО, ослободување или намалување на глобата на компаниите може да се додели:

[11] Преземено од: Rodríguez E.A., Geert Goeteyn, P., Sánchez-Calero and Caroline Préel, Shearman & Sterling, 2019.
[12] Оригинален назив: Bundeskartellamt (скратеница: FCO).
[13] Оригинален назив: Gesetz gegen Wettbewerbsbeschränkungen – скратеница: ARC, достапен на: https://www.gesetze-im-internet.de/gwb/, [пристапено на 12 Април 2022 година].

- *открие дека постои картел и признае за неговата улога во картелот, во апликацијата за leniency, и целосно соработува за расчистување на фактите;*
- *го прекине неговото учество во картелот, веднаш, освен за индивидуите за кои ФКО смета дека продолжувањето на учеството може да биде клучно за зачувувањ на интегритетот на истрагата;*
- *додека ја пополнува апликацијата за "leniency", да не ги уништи, фалсификува или прикрие информации или докази поврзани со картелот, и да не ги открие фактите од нековата апликација, или содржината на истата.*

Согласно Германскиот закон против ограничување на конкуренцијата, „*Програмата за попустливост*" се однесува само на картелите (дел 81h, ARC), односно на строгите хоризонтални ограничувања на конкуренцијата како што се договори и/или усогласени практики меѓу конкурентите кои се однесуваат особено на:

- *Договарање на цените,*
- *Фиксирање на продажни квоти,*
- *Поделба на пазарот,*
- *Местење на понудите.*[14]

## 1.2. Практиката во примената на "*leniency*" од страна на Федералната картелска канцеларија

Примената на „програмата за попустливост" од страна на ФКК е многу честа. Поточно, оваа програма е дел од скоро сите детектирани картел случаи во Германија. Оттука, изобилува практика на ФКК, во поглед на постапувањето по апликациите за „попустливост".

И покрај трендот на опаѓање на употребата на програмата од страна на субјектите кои учествуват во картелот или имаат сознанија за истиот,[15] во 2022 година, ФКК примила 13 апликации за користење на *"leniency"*.

Еден од поновите случаи поврзани со „програмата за попустливост" е Aluminium Forging Case (B12-24/17). Имено, казна од околу 175 милиони евра беа изречени од страна на Федералната канцеларија за картели (кратеница: ФКК)[16] на пет компании за ковање алуминиум. Имено, случајот е конципиран на база на тоа што:

[14] Согласно ГЗПОК, Вертикалните ограничувања на конкуренцијата не се опфатени со програмата за попустливост. Сепак, ФКК претходно додели имунитет, исто така, во однос на одредени вертикални ограничувања, особено во случаите што опфаќаат и хоризонтални и вертикални ограничувања. Види повеќе за ова: Uhlig T., Putzier K., Kűmmerlein Simon&Partner Rechtsanwälte, Cartel leniency in Germany, 2021, https://uk.practicallaw.thomsonreuters.com/2-501-2172?transitionType=Default&contextData=(sc.Default)&firstPage=true, [пристапено на 15 Април 2022 година].

[15] Случаите се преземени од: https://uk.practicallaw.thomsonreuters.com/2-501-2172?transitionType=Default&contextData=(sc.Default)&firstPage=true#co_anchor_a362991, [пристапено на 11 Април 2022 година].

[16] Англиски назив: Federal Cartel office (FCO), https://www.bundeskartellamt.de/EN/Home/home_node.html, [пристапено на 11 Април 2022 година].

„Директорите на компаниите редовно се состанувале за да *разговараат за цената на суровиот алуминиум* со којштo се тргува на Лондонската берза за метали, трошоците за трансформација на алуминиумот во соодветен материјал за ковање и трошоците за енергија. Тие исто така разговарале како овие трошоци и зголемувања на трошоците може да ги товарат клиентите, т.е., како да се префрлат/тарифираат клиентите. Постапката за примена на *leniency programme*, била покрената по барањето компанијата Hirschvogel Umformtechnik, која беше ослободено од парична казна според по основ на примена на leniency" (Uhlig, T. Putzier, K. Simon K & Partner Rechtsanwälte,2018).[17]

Понатаму, ФКК, изрекла казни од 35 милиони евра и на три компании за ковање челик, од кои две припаѓаат на Bharat Forge Group, додека на Hirschvogel Umformtechnik повторно му бил доделен целосен имунитет од казни во рамките на програмата за попустливост. Компаниите размениле информации чувствителни на конкуренцијата, како што се состојбите со трошоците, цените и статусот на преговорите со добавувачите и клиентите. За таа цел тие користеле состаноци на работните групи на здружението за фалсификување EUROFORGE како и билатерални и мултилатерални меѓусебни контакти.[18]

Во контекст на ова е и случајот со пестицидите (Б10-22/15). Имено, ФКК му доделила целосен имунитет на компанијата Beiselen, за тоа што била првата компанија што соработувала во истрагата, додека казни од околу 157 милиони евра биле изречени на осум други трговци на големо со пестициди. Компаниите разменија ценовници, попусти и единечни цени кога продавале на трговците на мало и крајните клиенти. Договорите за цените и попустите биле постигнати двапати годишно на состаноци со различен состав. Компаниите користеле заедничка методологија за пресметување на цените на списокот.[19]

### 1.3. Правниот режим на заштита на субјектите со доделен иминутет во граѓанските постапки за надоместување на штета

Конечно, едно од најактуелните прашања во европските и светските експертски кругови, и тоа: како е уредено прашањето за „*граѓанските постапки за обештетување во случај на повреда на правилата за конкурентското право*" од страна на третите субјекти. Имено, во Германија е присутен трендот на опаѓање на употребата на програмата за *"leniency",* од истите причини од кои тој трент постои во ЕУ. Оттука и доминацијата на дискусиите и дебатите во поглед на тоа кои се последиците од доделувањето на иминутет на компаните преку користење на програмата, врз можноста за обештетување на третите лица/оштетените од повредата на конкурентското право.

[17] Достапно на: https://uk.practicallaw.thomsonreuters.com/2-501-2172?transitionType=Default&contextData=(sc.Default), [пристапено на: 11 Април, 2022 година].
[18] Buretta J., Terzaken J., Cartels and leniency Review, LawReviews, 2022, достапно на: file:///C:/Users/Borka/Downloads/20220215_News_Kartellrecht_Germany%20(2).pdf, [пристапено на 16 Април 2022 година].
[19] Повеќе за случајот: https://psm-kartell.de/en/, [пристапено на 17 Април 2022 година].

Обештетувањето на компаните од штетата причинета со повреда на правилата за конкуренција од страна на субјектите/учесници во картел, согласно германското процедурално право е во надлежноста на германските судови. Тужбите за обештетување може да се поднесат согласно делот 33 од Законот против огранучувањето на конкуренцијата, под одредени услови може по основ на делот 8 и 9, од Германскиот закон против нефер конкуренција.[20] Дополнително, на оштетените компании, на располагање им стојат и одредбите од делот за штета во Германскиот граѓански законик (Stocker M., Sherman & Sterling, 2021).

Доделувањето на целосен имунитет на компанијата, не подразбира завршување на случајот и одговорноста на компанијата/стекнувач на имунитет. Оваа прашање е исклучително комплексно, особено поради фактот што истото ја проширува и продлабочува дискусијата и за граѓанската одговорност, кривичлната одговорност и „обврзувачкиот карактер" на одлуките на ФКК за судовите. Имено, во делот 33б од Законот против ограничување на конкуренцијата, јасно е предвидено дека во случај кога се бара отштета за прекршување на одредба од делот за конкуренција во ГЗПОК, или на член 101 или член 102 од Договорот за функционирање на Европската унија, судот е обврзан да утврди дека настанал повреда, како што е донесено во конечниот одлука на ФКК, Европската комисија или органот за конкуренција - или суд кој дејствува како таков - во друга земја-членка на Европската Унија. Истото се однесува и на таквите наоди во правосилните судски пресуди по жалбите против одлуките согласно ставот 1. Оваа обврска се применува без да се наруши правата и обврските од член 267 од Договорот за функционирање на Европската Унија.[21] Во поглед на заштитата на субјектите кои соработуваат во истрагата, стои решението од член 33е од ГЗПОК. Имено, во одредени случаи, се дерогира решението од член 33а(1), па законодавецот предвидува: „компаниите или физичките лица кои учествуваат во картел кои добиле имунитет од казни во рамките на програма за попустливост (примател на имунитет), ќе бидат одговорни само за штетата предизвикана на нивните директни или индиректни купувачи или даватели. Примателот на имунитетот ќе биде одговорен само за штетата што ја претрпеле другите оштетени страни како резултат на прекршување според член 33а(1), кога тие не можат да добијат целосна компензација од другите прекршители. Понатаму, во случаите од потточка (1) став 2, примателот на имунитетот нема да одговара за настанатата штета кога веќе е истечен рокот на застареност на побарувањата за отштета против другите прекршители. Останатите прекршители можат да

[20] Целиот текст на законот е достапен на: https://germanlawarchive.iuscomp.org/?p=349#:~:text=The%20German%20Act%20against%20Unfair,Gesetz%20gegen%20Wettbewerbsbeschr%C3%A4nkungen%2C%20GWB). [Пристапено на 15 Април 2022 година].

[21] Section 33b, *Binding effects of decision issued by a competition Authority,* достапно на: https://www.gesetze-im-internet.de/englisch_gwb/englisch_gwb.html#p0277, [пристапено на 17 Април 2022 година].

повратат компензација според член 33г(2) од примателот на имунитетот, само до износот на штетата што примателот на имунитетот ја предизвикал на своите директни или индиректни купувачи или даватели. Ова ограничување нема да се применува за компензација на штета предизвикана на други страни, освен директните или индиректните купувачи или даватели на претпријатијата кои учествуваат во картелот. Со оваа законско решение, Германија манифестира еден ограничен систем на заштита на стакнувачите на целосен и иминутет, согласно "*leniency*". Оваа и согласно европските решенија, кои се уште се на линија на минимална заштита, а во судир со интересите на оштетените, односно на линија на детерминирање на балансот помеѓу „*јавниот и приватниот интерес*". Ако ова се доведе во врска со прашањето за драстичното намалување на бројот на поднесени апликации за „*попустливост*", јасно е дека волјата за зголемување на истиот е условена од подобрувањето на заштитата на субјектите на кои што им е доделен имунитет. Се разбира ваквата состојба нужно бара законска интервенција, за која сметаме дека Германија ќе ги почека европските решенија и ќе се раководи од нив.

## 2. „Leniency" во хрватското конкурентско право

### 2.1. Воведни аспекти на „програмата за попустливост" во Хрватското конкурентско право

„Програмата на попустливост" на компаниите, *"leniency programme"*, е воведена во Република Хрватска од 2009 година. Главните ингеренции/надложности во спроведувањето на законот и неговите измени и дополнувања ги има Хрватската агенција за конкуренција, како национален орган надлежен за обезбедување на здрав и лојален пазар во Република Хрватска.[22] Доволна е само површна анализа на одредбите од законот за конкуренција во Хрватска, да се утврди дека истиот во најголем дел кореспондира со европските решенија, и како земја-членка, секоја измена почнувајќи од 2009 година, заклучно до 2021 година, е последица на потребата да се усогласи националното законодавство со законодавството на ЕУ. Во контекст на ова се измените кои се однесуваат на транспонирањето на директивата 2019/1/ЕУ, директивата 2014/104/ЕУ, известувањата од Комисијата за имунитет од парични казни и намалување на глобите во случаи на картел и моделот на ECN програмата за попустливост итн.

Во законска и теоретска смисла, *"leniency programme"* не е непозната категорија на хрватското конкурентско право. Имено, уште во самиот поимник на Хрватскиот закон за конкуренција, утврдена е дефиницијата на *"leniency programme"*, што подразбира: „Програма за попустливост" значи програма во врска со примената на член 101 ДФЕУ или соодветна одредба од ЗК, со која се

[22] Види ја хронологијата на донесувањето на законот за конкуренција на Република Хрватска и измените и дополнувањата на истиот: https://www.aztn.hr/en/antitrust-and-mergers/legal-framework/, [пристапено на 17 Април 2022 година].

регулираат забранетите договори, за врз основа на кој учесник во таен картел, независно од другите компани вклучени во картелот, соработува со истрагата на органот за конкуренција, од доброволно давање факти во врска со знаењето и улогата на тој учесник во картел, во замена за кој тој учесник добива, со одлука на орган за конкуренција, имунитет од, или намалување на казните за нејзино учество во картелот.[23]

### 2.2. Услови за стекнување на целосен или делумен имунитет на апликантите на „програмата за попустливост"

Согласно хрватскиот закон за конкуренција, Хрватската агенција за конкуренција, може да додели имунитет на учесник во картел, што подразбира, да го ослободи од глоба, или да му ја намали казната, доколку е ***првиот кој пред агенцијата го открива картелот, изнесува релеватни факти на база на кои агенцијата може да отвори постапка, или да ја затвори веќе отворената постапка за која што не добил докази надвор од примената на "leniency".***[24] Дополнително, компаниите кои го обелоденуваат своето учество во картелот, а кои не ги исполнува условите за имунитет, може да има корист од намалување на глобата, доколку до агенцијата достават докази што претставуваат значителни додадена вредност во однос на доказите кои веќе ги поседува агенцијата и кои суштински придонесуваат за затворање на односната постапка. Нивото на намалување на глобите се утврдува од страна на агенцијата за првата компанија која обезбедува значителен додадена вредност 30-50 %, за втората компанија намалување од 20-30 % и за секоја следна компанија обезбедува значителна додадена вредност намалување до 20 %. Согласно хрватското законодавство, *"leniency programme"* е предвиден како инструмент за детектирање на картелите, исклучиво за компаниите, не и за физичките лица, индивидуалци. Истата го предвидува и *"marker system",* што е во интерес на обезбедување на заштита и тајност на податоците и позицијата на апликантот, односно на компанијата која го открива картелот пред агенцијата. Во поглед на заштитата на апликантот, Хрватска ја има имплементирано Директивата 2014/104/ЕУ, што подразбира дека изјавите и податоците содржани во истите, се исклучени од обелоденување во граѓанската постапка за надоместување на штета. Како исклучително комплексно прашање,[25] истото во голем дел се уредува со одредбите на законодавството на ЕУ, и важат истите решенија. [26]

[23] Согласно последните измени, консолидиран текст на Хрватскиот зкаон за конкуренција, објавен во: OG 79/09, 80/13, 41/21, https://www.aztn.hr/ea/wp-content/uploads/2015/05/COMPETITION-ACT-2021-consolidated-text-1.pdf, [пристапено на 11 Април 2022 година].

[24] OECD, Leniency programme in Croatia, 2018, https://one.oecd.org/document/DAF/COMP/WP3/WD(2018)15/en/pdf, [пристапено на 17 Април 2022 година].

[25] Kaufman, Pecotic, J., How to Facilitate Damage Claims? Private Enforcement of Competition Rules in Croatia – Domestic and EU Law Perspective,

[26] Види го извештајот на: Organization for Economic Co-operation and Development, 2018 година, [https://one.oecd.org/document/DAF/COMP/WP3/WD(2018)15/en/pdf#:~:text=There%20

Дополнително, согласно хрватското законодавсто за заштита на конкуренцијата, во член 47а, со наслов „*пристап до изјави за попустливост и поднесоци за порамнување*", утврдена е надлежноста на агенцијата за доделување на имунитет и тоа: „Агенцијата дава пристап до изјавите за попустливост или доставките за порамнување исклучиво на странките во постапката поврзана со изјавите за попустливост и порамнувањето засегнатите поднесоци, исклучиво за да можат да ги остварат своите права на одбрана во засегнатата постапка. Дополнително, странката во постапката што потпаѓа под надлежност на Агенцијата што прибавила информации во изјавите за попустливост и поднесоци за порамнување преку пристап до досието, може да користи само информации земени од изјави за попустливост и поднесоци за порамнување што се неопходни за остварување на своите права на одбрана во постапките пред Високиот управен суд на Република Хрватска, во предмети кои се директно поврзани со предметот за кој е дозволен пристап, и само кога се работи за такви постапки:

1. распределбата меѓу учесниците во картелот на парична казна која им е изречена солидарно од страна на Агенцијата или
2. разгледување на решение со кое Агенцијата утврдува повреда на ЗК и член 101 и/или 102 ДФЕУ. Согласно ставот 3 од овој член, информациите што странката ги добила во текот на извршната постапка пред Агенцијата, нема да се користи од страна на таа странка во постапката пред Високиот управен суд на Република Хрватска пред Агенцијата.

Ова особено се однесува на следните информации:

1. *информација што е подготвена од други физички или правни лица специјално за извршни постапки на Агенцијата;*
2. *информации што Агенцијата ги изготвила и ги испратила до странките во текот на своето извршна постапка и*
3. *поднесоци за порамнување кои се повлечени.*

Изјавите за попустливост се разменуваат само помеѓу органите за конкуренција согласно член 12 од Регулативата (ЕЗ) бр. 1/2003 или:

1. со согласност на барателот или
2. каде органот за конкуренција што ја прима изјавата за попустливост добил и барање за попустливост (за имунитет или намалување на паричната казна) во врска со истиот конпрекршок од истиот барател како и органот за конкуренција кој ја пренесува изјавата за попустливост.

Конечно, согласно ставот 5, ова решение се применува под услов во моментот на изјавата за попустливост пренесено од барателот за попустливост (барање за имунитет од или намалување на паричната казна), не е отворен за

is%20no%20individual%20leniency,be%20granted%20immunity%20from%20fine.[пристапено на 11 Април 2022 година]. https://one.oecd.org/document/DAF/COMP/WP3/WD(2018)15/en/pdf#:~:text=There%20is%20no%20individual%20leniency,be%20granted%20immunity%20from%20fine.

барателот да ги повлече информациите што ги доставил на органот за заштита на конкуренцијата кој ја прима изјавата за попустливост.

Согласно најрелеватните експерти од областа на конкуренцијата во Хрватска, „програмата за попустливост" дополнително треба да се афирмира, фаворизира во интерес на сузбивање на картелите. Согласно сегашната фактичка состојба, компаниите во Хрватска немаат негативен став и не се загрижени за нивната репутација во бизнис и потрошувачкиот сектор. Попрецизно, „*намалувањето на картелите е условено од високите казни или ослободувањето односно намалување на истите спрема компаниите*". *Оттука, би било најсоодветно да се афирмира програмта за намалување на казните, како единствен инстурмент којшто ќе ги мотивира компаниите да го откријат картелот* (Cerovac M). [27] Како дополнување на ова, како и во многу други земји-членки, отсуството на *"one-stop-shop",* концептот, го намалува интересот за признавање на учество во картел.[28]

## 3. Leniency во Соединетите американски држави

### 3.1. Почетоците на leniency во САД

Почетоците на "*leniency programme"* се врзани за конкурентското право и практика во САД, и тоа уште од 1978 година[29]. Поконкретно, антитрустовиот оддел во одделението за правда на САД, во интерес на подобрување и подобро ефектуирање на програмата за „*попустливост*" спрема компаниите кои соработуваат, ја ревидираат програмата во 1993 година, во согласност со новата корпоративна програма за „*попустливост*" спрема компаниите. После неколку децении практикување на *leniency* во конкурентското право на САД, теоретичарите прават паралела за ефектите од нејзината примена, со дефиницијата на Винстон Черчил за демократија: *„демократијата е најлошата форма на владење, со исклучок на сите други форми што се практикувани".*

Со ова во суштина експертите сакаат да објаснат дека програмата за „*попустливост*" спрема компаниите кои соработуваат со надлежните авторите во откривањето на картелите има бројни недостатоци, меѓутоа, од сите досега концептирани и применети програми има најголем ефект и нејзиното практикување треба да зголемување, а самиот концепт да се надградува. САД изобилува со богата практика во поглед на примената на *"leniency programme",* и истовремено претставува база по која ЕУ и другите земји надвор од ЕУ се

[27] Достапно на: https://www.aztn.hr/en/cartels-and-leniency-policy-why-and-how-to-report-a-cartel/, [пристапено на 15 Април 2022 година].

[28] Повеќе за концептот на "*one-stop-shop"*во конкурентското право: Lacerda, Aranha. J. F., The Leniency Programs and the Creation of a One-Stop Shop for Markers, RDC, Vol. 2, nº 2, 2014, pp. 64-75.

[29] Buffier B.W., Kafele, H.L., Fishbien S., Shearman & Sterling LLP., *Cartel leniency in United States: overview:* Available from: [https://uk.practicallaw.thomsonreuters.com/4-501-2185?transitionType=Default&contextData=(sc.Default)], [пристапено на: 11 Април 2022 година].

запознаваат со новите концепти кои ги додаваат или не кон постојните ЕУ концепти. Во оваа насока, познатиот Tyson Foods случај. Имено, „во јуни 2020 година, Tyson Foods, Inc објави дека соработува со Антимонополскиот оддел како дел од нејзината апликација за попустливост од обвинителството за одредување цена во индустријата за младо пилешко месо. Во времето на оваа публикација, истрагата резултираше со признавање на корпоративна вина со повеќе од 105 милиони американски долари во кривични казни и обвиненија за две други компании и 14 поединци“. [30] Понатаму, „во септември 2017 година, Thai Union, кој е сопственик на Chicken of the Sea International, во поднесоците открива дека добил условна попустливост од Антимонополската дивизија во врска со заговор за фиксирање на цените за пакуваната морска храна. Истрагата доведе до признанија на корпоративни виновни и казни од повеќе од 125 милиони американски долари и признанија за вина и кривични пресуди на високи менаџери, вклучувајќи го и актуелниот извршен директор на еден од вклучените бизниси“.

Согласно конкурентското право на САД, “*leniency programme*” вклучува два типа на иминутет и тоа тип А и тип Б: Тип А:

- *во моментот кога компанија се јавува да ја пријави незаконската активност, а одделот за антимонопол нема добиено никакви информации за незаконската активност пријавена од кој било друг извор;*
- *компанијата, по откривањето на пријавената нелегална активност, презеде брза и ефикасна акција за да го прекине својот дел во активноста;*
- *компанијата целосно го пријавува престапот и обезбедува вистинита, целосна, континуирана и целосна соработка со Одделението за антимонопол во текот на целата истрага;*
- *компанијата го признава престапот и признава дека погрешното постапување е навистина корпоративно дело (наспроти изолираните признанија на поединечни директори или службеници).*[31]

Тип Б, се однесува на правото на првата компанија која ќе пријави постоење на картел, да биде ослободена од глоба, доколку целосно и без намера да прикрие или фалсификува факти, ја презентира вистината за картелското однесување. Во САД прифатен е *marker system*, што подразбира чување на местото на апликантот за доделување на имунитет. [32] САД имаат добро конципирана заштита на апликантитеи ”*leniency*”. Во оваа смисла, антимонополскиот оддел не го открива јавно идентитетот на барателот за попустливост, освен

[30] Случаите се преземени од: Cartel leniency in the United States: overview,Recent Cases and Trends, https://uk.practicallaw.thomsonreuters.com/w-006-7098?transitionType=Default&contextData=(sc.Default)&firstPage=true, [пристапено на 11 15 Април 2022 година].

[31] Види извештај: https://uk.practicallaw.thomsonreuters.com/w-006-7098?transitionType=Default&contextData=(sc.Default)&firstPage=true, [пристапено на 12 Април 2022 година].

[32] EU and US competition policies Similar objectives, different approaches, https://www.europarl.europa.eu/RegData/bibliotheque/briefing/2014/140779/LDM_BRI(2014)140779_REV1_EN.pdf, 2014, [пристапено на 20 Април 2022 година].

кога апликантот се согласува со откривањето или кога судската наредба бара одделот да открие информации (Martyniszyn, M. 2015). Битно е да се истакне, дека *leniency programme* во САД, не е предмет на законска материја, туку е дел од програмата на одделот за антимонополско работење, што работи по дискреција на обвинителството. Преку оваа програма се решаваат и прашањата за позицијата на апликантите во судските постапки. За разлика од ЕУ, САД има далеку постандардна политика и позиција на „*програмата за поспустливост*“, што е последица на тоа што земјата е колевка на овој систем, а не е безначање целокупниот правосуден систем на САД.[33]

## 4. Leniency во македонското конкурентско право

Додека ЕУ и светот полемизира и бара решение во поглед на тоа како да се да се врати довербата во примената на „*програмата за попустливост*“ на компаниите и да се зголеми бројот на поднесени апликации, понатаму, додека европската економија ги ужива благодетите од примената на *“leniency”* во повеќе познати случаи на картели,[34] во Република Северна Македонија оваа тема согласно последните сознанија[35] е *status quo*. Имено, во РСМ согласно извештаите од КЗК (Коевски, Г. Тушевска Гавриловиќ, Б. Спасевски, Д. 2021) се уште нема поднесено ниту една апликација за *”leniency”,* што подразбира дека оваа програма е се уште недоволно позната на бизнис секторот. Од друга страна, како што покажуваат годишните извештаи на КЗК, во РСМ постојат картели, а истите и се откривани и казнувани од страна на комисијата.[36] Ова е само уште еден доказ за неусогласеноста на практиката со законските решенија, што е честа појава во повеќе сектори на приватното право во РСМ. Имено, „програмта за попустливост“ во РСМ е законска материја. Според законската формулација од член 65, со наслов: *„ослободување или намалување на глобата“,* имплементирана е програмата за “*leniency*” што подразбира:

„Со цел откривање на картели кои претставуваат прекршоци од член 59 став (1) точка 1) од овој закон,[37] Комисијата за одлучување по прекршок по

[33] Види повеќе за практиките во САД преку работата на одделот за правда на САД, достапно на: https://www.justice.gov/news, [пристапено на 16 Април 2022 година].

[34] EU Canned Vegetables (Case COMP/AT.40127); Forex (Case COMP/AT.40135); Occupant Safety Systems (Case COMP/AT.40481), Pometon case, EIRD case. Види повеќе: https://awards.concurrences.com/IMG/pdf/cpi_lexology_less_co-operation-1.pdf?73860/5c2f7952fba1dd139babc999ea7b9c3ab93da8be, [пристапено на 12 Април 2022 година].

[35] Фактите кои ги изнесуваме се базирани на спроведени дискусии и сумирани податоци од страна на КЗК во РСМ.

[36] http://kzk.gov.mk/category/odluki-vo-prekrshochna-postapka/, [пристапено на 14 Април 2022 година].

[37] Комисијата за одлучување по прекршок, на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако:
1) склучи забранет договор или на друг начин учествува во договор, одлука или усогласено однесување со кои се нарушува конкуренцијата во смисла на член 7 од овој закон;

барање на претпријатие кое го признало своето учество во картел ќе определи *целосно ослободување од глобата, која по правило требала да му биде изречена на тоа претпријатие, ако истото:*

*1) прво приложи докази кои и овозможуваат на Комисијата за одлучување по прекршок да поведе прекршочна постапка или*

*2) прво приложи докази кои и овозможуваат на Комисијата за одлучување по прекршок веќе поведената прекршочна постапка да ја заврши со решение со кое се утврдува постоење на прекршок, доколку без таквите докази не можело да се утврди постоењето на прекршокот.*

Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ" бр.145/2010, бр.136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), предвидува ислови и за намалување на глобата, во случај кога не се исполнети условите за целосно ослободување. Имено, „Ако претпријатието кое го признало своето учество во картел кој претставува прекршок од член 59 став (1) точка 1) од овој закон не ги исполнува условите за целосно ослободување од глоба од став (1) од овој закон, глобата, која по правило требало да му биде изречена може да му се намали доколку до Комисијата за одлучување по прекршок достави дополнителни релевантни докази од одлучувачко значење за донесување на решение со кое се утврдува постоење на прекршок."

(3) Ослободувањето, односно намалувањето на глоба од став (1) и (2) од овој член ќе се примени доколку претпријатието кое бара ослободување односно намалување на глоба кумулативно ги исполнува следните услови:

1) *Го прекине своето учество во картелот веднаш по поднесувањето на барањето за ослободување од глоба;*

2) *Соработува со Комисијата за одлучување по прекршок целосно, континуирано и потребните податоци ги доставува во најкус можен рок;*

3) *Не ги извести другите учесници во картелот за поднесување на барањето за ослободување од глоба ;*

4) *Пред поднесувањето на барањето за ослободување од глоба не го открие постоењето ниту содржината на истото, освен на органи кои се надлежни за санкционирање на картелот надвор од Република Македонија;*

5) *Да не уништува, прикрива или фалсификува релевантни докази со кои се утврдуваат факти од значење при одлучувањето на Комисијата за одлучување по прекршок.*

(4) Комисијата за одлучување по прекршок нема да определи целосно ослободување од глоба на претпријатието од став (1) од овој член кое за времетраење на картелот презело мерки со кои принудило други претпријатија да учествуваат или да останат во истиот, но може да му определи намалување

2) стори злоупотреба на доминантна позиција во смисла на член 11 од овој закон;
3) не постапи по решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата од член 51 од овој закон.
4) не постапи по решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата од член 52 од овој закон.

на глобата доколку тоа претпријатие ги исполнува условите од став (3) од овој член.

Анализата на законската рамка на „програмата за попустливост“ спрема компаниите во РСМ, покажува дека во суштина РСМ целосно ги има имплементирано одредбите од Известувањето на комисијата од 1996 и ревидираните известување, а исто така и ECN моделот на “leniency”. Како што спомнавме и на самиот почеток, фактите покажуваат дека сепак оваа прашање е само законски уредено, а практиката молчи. Ако искуствата на компаративните системи се позитивни, особено во земји од мала економија, со традиција, вредности и политички постулати слични на РСМ, јасно е дека тука треба да се преземат конкретни чекори за надминување на оваа состојба. Во поглед на прашањето за позициите на заштита на апликантите во граѓанските и другите судски постапки, во РСМ се уште не е отворено тоа прашање.

**Резиме:**

Овој труд претставува надградба и прошируваше на веќе спроведено истражување во сферата на конкурентското право, односно „*програмата за попустливост*“ спрема компаниите кои придонесуваат за откривање на картелот. Фоксуот на овој труд е на компаративните аспекти на оваа програма, со акцент на најактуелната тема во ЕУ и тоа: *што треба да се преземе да се врати динамиката и обемот на примени апликации за “leniency”од страна на комисијата.* Под влијанието на пандемијата со ковид – 19, како и бројните други прашања со кои се соочува ЕУ, ни се чини оваа проблематика се решава со забавено темпо. Сепак, сите релеватни извори укажуваат на тоа дека релеватни експери работат на прашањето: *како да ги заштитиме апликантите од тужбите за надоместување на граѓанска штета и од кривичните прогони во делот на конкурентското право, а да не го повредиме приваниот интерес на оштетенте?* Доколку ЕУ сака да ја врати позицијата на *“leniency programme”* во бизнис секторот, нужно е да преземе конкретни и јасни чекори во поглед на подобрувањето на позицијата на апликантите. Имено, според нашите становишта, нема повеќе простор за дискусии околу тоа дали треба и како треба да се имплементира “*one-stop-shop*” системот, да го уреди јасно прашањето која е позицијата на апликантите во граѓанските постапки, целосна имплементација на “*marker*” системот, и што е најважно, јасно промовирање на овие решенија пред националните тела, кои согласно Директивата 2019/1/ЕУ, имаат ингеренции за целосна примена на член 101 од ДФЕУ, оттука и за практикување на *“leniency.в* Компаративните искуства во земјите од регионот покажуваат инертен однос спрема оваа прашање. Ова не само како последица на состојбата во ЕУ, туку повеќе како резултат на ниското ниво на заинтересираност на практикување на оваа програма од страна на компаниите. Како последица на ова се губи мотивацијата на надлежните тела, а слаб е и импулсот спрема владите да преземат поголем ангажман кон оваа прашање.

Во РСМ во голем дел состојбата е рефлексија на работата на КЗК, корпоративната култура и практика на компаниите, ниското ниво на афирмација на „*програмата за попустливост*", и конечно, согласно нашите становишта, отсуството на загриженост на компаниите од намалувањето на репутацијата преку објавувањето на компаниите кои учествуваат во картел. Како што е практиката и во земјите од регионот, загриженоста суштински е детерминирана од големите глоби за кои компаниите најчесто поднесуваат жалби, а и медиумски агресивно го демантираат нивното учество во картел, истакнувајќи најчесто дека се „жртва" на одредени политики.

Ваквата практика нема да донесе резултат. Согласно нашето размислување, единствен начин да започне користењето на оваа програма е нејзина што поширока афирмација во бизнис секторот. Искуството и сознанијата од компаративните истражувања на оваа тема, ни покажаа дека скоро нема земја која го има имплементирано овој концепт, а којашто ги нема согледано бенефициите. Оттука, РСМ нужно мора да се ангажира за амирмација на овој концепт. Дополнително, сметаме дека и покрај трендот на намалување на апликациите, ЕУ ќе најде решение и нема да се откаже од овој најефикасен инструмент за детекција на картели. Во блиска иднина, пожелно е земјите од регионот, вклучувајќи ја и РСМ, да се посветат на оваа прашање и да придонесат кон подобрување на резултатите во делот на конкурентското право.

**Користена литература:**

1. Kafele, B.W. H.L., Fishbien, S., Shearman & Sterling, LLP., Cartel leniency in United States: overview: Available from: [https://uk.practicallaw.thomsonreuters.com/4-501-2185?transitionType=Default&contextData=(sc.Default), [пристапено на 15 Април 2022 година].
2. Brent, Snyder. Chief Executive Officer, Competition Commission of Hong Kong, China, https://www.youtube.com/watch?v=dJSNoWD0vb8, [пристапено на 15 Април 2022 година].
3. Buffier B.W., Kafele, H.L., Fishbien S., Shearman & Sterling LLP., *Cartel leniency in United States: overview:* Available from: [https://uk.practicallaw.thomsonreuters.com/4-501-2185?transitionType=Default&contextData=(sc.Default)], [пристапено на: 11 Април 2022 година].
4. Buretta, J. Terzaken J., Cartels and leniency Review, LawReviews, 2022, достапно на: file:///C:/Users/Borka/Downloads/20220215_News_Kartellrecht_Germany%20(2).pdf, [пристапено на 16 Април 2022 година].
5. Cerovac, M. Cartels and Leniency policy, Why and how to report a cartel, https://www.aztn.hr/en/cartels-and-leniency-policy-why-and-how-to-report-a-cartel/, [пристапено на 15 Април 2022 година].
6. Kaufman Pecotic, J. How to Facilitate Damage Claims? Private Enforcement of Competition Rules in Croatia – Domestic and EU Law Perspective,

7. Koevski, G., Compensatory damages from the viewpoint of the competition law in the European Union and the republic of north Macedonia, Revija Kopaonicka Skola, No. 1/2022, достапно на: https://kopaonikschool.org/wp-content/uploads/2022/06/KOP_Revija_1_2022_WEB.pdf?x86204, [пристапено на 22 Април 2022 година].
8. Lacerda, Aranha. J. F., The Leniency Programs and the Creation of a One-Stop Shop for Markers, RDC, Vol. 2, nº 2, 2014, pp. 64-75;
9. Lynch N.E., Immunity in Criminal Cartel Investigations: A US Perspective, преземено од: https://www.lw.com/presentations/immunity-in-criminal-cartel-investigations-us-perspective, [пристапено на 13 Април 2022 година].
10. Martyniszyn, M. A Building Block or a Trojan Horse? 2015, https://www.researchgate.net/publication/266143728_Leniency_Amnesty_Plus_A_Building_Block_or_a_Trojan_Horse, [пристапено на 12 Април 2022 година].
11. Martyniszyn, M. Leniency (Amnesty) Plus: Journal of antitrust Enforcement, Queen’s University Belfast
12. Organization for economic Co-operation and development (OECD), Policy Brief, Using Leniency to fight hard Core cartels, 2021, достапно на: [пристапено на: 15 Април, 2022 година].
13. Rodríguez E.A., Geert Goeteyn, P., Sánchez-Calero and Caroline Préel, Shearman & Sterling, 2019, достапно на: https://globalcompetitionreview.com/review/the-european-middle-eastern-and-african-antitrust-review/2020/article/european-union-cartels-and-leniency, [пристапено на 15 Април 2022 година].
14. Stocker, M., Sherman & Sterling, 2021. https://iclg.com/practice-areas/cartels-and-leniency-laws-and-regulations/germany, [пристапено на 11 Април 2022 година].
15. Uhlig, T. Putzier K., Kΰmmerlein Simon&Partner Rechtsanwälte, Cartel leniency in Germany, 2021, https://uk.practicallaw.thomsonreuters.com/2-501-2172?transitionType=Default&contextData=(sc.Default)&firstPage=true, [пристапено на 15 Април 2022 година].
16. Коевски, Г. Тушевска Гавриловиќ, Б, Спасевски, Д. The concept of leniency in North Macedonia, Competition Law (in Pandemic Times): Challenges and Reforms, 5. Special Edition, 2021.

**Закони, примарно и секундарно законодавство на ЕУ:**

1. Законот за заштита на конкреунцијата на Република Северна Македонија, Службен весник на РМ“ бр.145/2010, бр.136/11, 41/14, 53/16 и 83/18).
2. Договорот за функционирање на ЕУ, оригинален назив: The treaty of functioning of European Union, Official journal of EU, C326/49, 26.10.2012, достапно на: https://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=CELEX:12012E/TXT:en:PDF, [пристапено на 11 Април, 2022 година].